**Г Р А Д   С К О П Ј Е**

ПРЕДЛАГАЧ: **Градоначалник на Град Скопје**

ИЗГОТВУВАЧ: **Сектор за локален економски развој**

ПРЕТСТАВНИК: **Секретар на Град Скопје**

ПОВЕРЕНИК: **Претставник од Сектор за локален економски развој**

# ПРЕДЛОГ - ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА АКТИВНОСТИ ОД ОБЛАСТА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ГРАД СКОПЈЕ ЗА 2026 ГОДИНА

**Скопје, март 2026 година**

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и “Службен весник на Република Северна Македонија” бр.202/24) и член 10 став 1 точка 3 од Законот за Град Скопје („Службен весник на Република Македонија” бр.55/04 и 158/11), Советот на Град Скопје, на ____ седница, одржана на ____________ година, донесе:

ПРОГРАМА
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА АКТИВНОСТИ ОД ОБЛАСТА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ
НА ГРАД СКОПЈЕ ЗА 2026 ГОДИНА

Член 1

Во Програмата за активности од областа на локалниот економски развој на Град Скопје за 2026 година („Службен гласник на Град Скопје“ бр.14/25) во Приоритетна област-1, точка 6 се брише, а точките 7 и 8 стануваат точки 6 и 7.

Во Приоритетна област-1, зборовите *„5.380.000,00 (пет милиони и триста осумдесет илјади денари)“,* се заменуваат со зборовите *„5.280.000,00 (пет милиони и двесте осумдесет илјади денари)“.*

Член 2

Во Приоритетна област -2, во точка 2 зборовите, „300.000,00 (триста илјади денари)“, се заменуваат со зборовите, „400.000,00 (четиристотини илјади денари)“, а зборовите, *„1.930.000,00 (еден милион деветстотини и триесет илјади денари“ се заменуваат со зборовите „2.030.000,00 (два милиони и триесет илјади денари)“*.

Член 3

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Град Скопје”

**Број 27________**
**________2026 година**
**Скопје**

**СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**ДАМЕ ДИМИТРОВСКИ**

____________________

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Со член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.202/24), утвдена е надлежност на Советот на Град Скопје. Согласно член 10 став 1 точка 3 од Законот за Град Скопје („Службен весник на Република Македонија” бр. 55/04 и 158/11), утврдени се надлежности на градот Скопје од областа на локалниот економски развој.

Причината за предложените измени во Програмата за активности од областа на локалниот економски развој на Град Скопје за 2026 година, се вршат поради тоа што програмската активност- Изработка на Регистар на компании со седиште на територијата на градот Скопје (точка број 6, приоритетна област -1, ) ќе се реализира преку Секторот за информатички технологии и модернизација со цел избегнување на трошоци за иста активност, додека придобивките од реализацијата ќе ги користат повеќе сектори во Град Скопје.

Вкупната сума на финансиски средства за реализација на Програмата не се менува и изнесува 13.540.000,00( тринаесет милиони петстотини и четириесет илјади денари).

Финансиските средства за оваа програмска активност се пренасочуваат во Приоритетна област -2, точка 2 - Субвенционирање на дефицитарни занаетчии и занаети во изумирање во градот Скопје за 2026 година каде износот од 300.000,00 денари се зголемува на 400.000,00 денари.

Врс основа на погоре наведеното, се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе Предлог- Програмата за изменување на Програмата за активности од областа на локалниот економски развој на Град Скопје за 2026 година.

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА ГРАД СКОПЈЕ**
**ОРЦЕ ЃОРЃИЕВСКИ**

________________________